Предлог

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26) и член 3 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден _.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2026 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купен сончев термален колектор по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на сончевиот колектор, но не повеќе од 20.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма за евроинтеграции и локален економски развој за 2026 година, точка 5 „Мерки за енергетска ефикасност во објекти – Субвенционирање на сончеви колектори“, во износ од 500.000,00 денари.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24“), донесен од страна на Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

## Образложение

Со предложената одлука се определува максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор согласно член 3 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор („Службен гласник на Општина Велес бр.8/22 и 6/24).

Финансиските средства за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Програма за евроинтеграции и локален економски развој за 2026 година, точка 5 „Мерки за енергетска ефикасност во објекти – Субвенционирање на сончеви колектори".

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

**Бр.133**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор**

Се објавува Заклучокот за усвојување Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.05.2022 година.

Број 08 -2472/16
13.05.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06,03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), и член 145 од Деловникот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.05.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор**

1. Советот на Општина Велес го усвои Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-2451/18
12.05.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), а во согласност со член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” број 12/06, 03/09, 19/10, 15/14, 15/18, 06/19), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на 11.05 2022 г. донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства, со намена за субвенционирање на дел од трошоците на физички лица од подрачјето на Општина Велес направени за купен сончев термален колектор.

**Член 2**

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес, согласно овој Правилник имаат жителите на Општина Велес кои ќе поднесат барање за надоместување на дел од трошоците за набавка на сончев термален колектор и инсталираат сончев колектор за топла вода во објект за домување (станбен објект).

**Член 3**

Износот на субвенцијата за набавка/купување на сончев термален колектор се утврдува со Одлука на СОВ за секоја година поединечно.

Финансиските средства утврдени со Одлука на Советот се доделуваат до целосно исцрпување на истите од Буџетот на општината определени за таа намена.

## I. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Општина Велес, со цел да ги стимулира жителите (домаќинствата) за помала потпрошувачка на електрична енергија, донесе одлука за субвенционирање при набавка на сончев термален колектор.

Со цел да се реализира донесената Одлука од Советот за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купување на сончев термален колектор, Општина Велес објавува јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Јавниот повик трае 30 дена од денот на објавувањето.

Изборот по јавниот повик ќе се реализира по принципот **„со извлекување по случаен избор - транспарентно“.**

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на сончев термален колектор имаат физички лица кои се жители на Општина Велес и кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.

На барателот ќе му се надоместат дел од трошоците направени при набавка на сончев термален колектор во висина од 50% од вредноста на сончевиот колектор, но не повеќе од 20.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

## II. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

Физичкото лице/барател е должно да ги исполни следниве услови:

- да е жител на Општина Велес;
- да нема добиено финансиски средства за набавка на сончев термален колектор од било кој извор во Република Северна Македонија (не го искористил правото на субвенционирање по овој основ);
- сончевиот термален колектор да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот;
- станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее;
- само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање на надоместок;
- потврда за платен данок на имот за станбениот објект каде е инсталиран уредот, заклучно со 2021 год.
- доказот за набавен –купен сончев термален колектор (фискална сметка), со датум од денот на објавувањето до денот на завршувањето на јавниот повик.

**Член 7**

Барателот по објавување на јавниот повик доставува:

- барање за субвенција (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Велес или да се обезбеди од интернет страницата на Општината: www.veles.gov.mk);
- фотокопија на важечка лична карта на барателот, како доказ дека е жител на Општина Велес;
- изјава дека барателот и членовите на неговото семејство/домаќинство немаат искористено право на поврат на средства за набавка на сончев термален колектор на друг јавен повик од било кој извор во Република Северна Македонија (Изјавата може да се подигне во архивата на Општина Велес или да се превземе електронски од веб страната на општината) и
- доказ за сопственост на објектот во кој би бил вграден сончевиот термален колектор.
- доказ -фискална сметка во оригинал или фактура со извод од деловна банка со датум од денот на објавувањето до денот на завршувањето на јавниот повик;
- потврда за платен данок на имот за станбениот објект каде ќе се вгради сончевиот термален колектор, заклучно со претходната година

Доколку барањето не ги содржи сите документи погоре неведени, барателот го губи правото да учествува во изборот за баратели за субвеционирање по принцип **„со извлекување по случаен избор - транспарентно“.**

Финансиските средства утврдени со Одлука на Советот се доделуваат на физичките лица кои се стекнале со правото на субвенционирање согласно критериумите регулирани во јавниот повик.

## I. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Со цел да се реализира донесената Одлука од Советот за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купување на велосипед, Општина Велес објавува јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Велес (www.veles.gov.mk) и на други социјални мрежи на Општина Велес.

Јавниот повик трае 30 дена од денот на објавувањето.

Изборот по јавниот повик ќе се реализира по принципот **„со извлекување по случаен избор - транспарентно“.**

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на велосипеди имаат физички лица кои се жители на Општина Велес и кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.

На барателот ќе му бидат надоместени дел од трошоците направени при набавка на велосипед во висина од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

## II. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

Физичкото лице/барател е должно да ги исполни следниве услови:

- да е жител на Општина Велес,
- да нема добиено финансиски средства за набавка на велосипед од било кој извор во Република Северна Македонија (не го искористил правото на субвенционирање по овој основ).
- купениот велосипед да не биде помал од 24” (инчи), односно да одговара на популација деца кои не се помали од 8-9 години.
- доказот за набавен –купен велосипед (фискална сметка), со датум од денот на објавувањето до денот на завршувањето на јавниот повик.

**Член 7**

Барателот по објавување на јавниот повик доставува:

- барање за субвенција (Барањето може да се подигне во архивата на Општина Велес или да се обезбеди од интернет страницата на Општината: www.veles.gov.mk) и
- фотокопија на важечка лична карта на барателот, како доказ дека е жител на Општина Велес.
- фотокопија од трансакциска сметка на барателот;
- доказ -фискална сметка во оригинал или фактура со извод од деловна банка;
- изјава дека барателот нема искористено право на поврат на средства за набавка на велосипед на друг јавен повик од било кој извор во Република Северна Македонија (Изјавата може да се подигне во архивата на Општина Велес или да се превземе електронски од веб страната на општината).

Доколку барањето не ги содржи сите документи погоре неведени, барателот го губи правото да учествува во изборот за баратели за субвеционирање по принцип **„со извлекување по случаен избор - транспарентно“.**

**Член 8**

За спроведување на постапката, СОВ ќе формира Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање на физички лица за купен велосипед, составена од претседател и 4 члена.

По предлог на Градоначлникот ќе бидат определени 2 члена од редот на општинска администрација, како членови во Комисијата.

Комисијата по завршувањето на својата работа ќе достави извештај до Градоначалникот и СОВ.

**Член 9**

Барањето со приложената документација наведена во член 7, се доставува во архивата на Општина Велес, на ул. „Панко Брашнар“ бр. 1 Велес, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот, во затворен плик.

На пликот треба да е наведено: **“Јавен повик за надоместување на дел од трошоците за купување велосипед”.**

На барателот со доставувањето на пликот во архива ќе му биде издаден архивски број со дата и час на достава на барањето.

Барањето кое е уредно и комплетно, издадениот архивски број и час на барањето, ќе биде дел од посебна затворена кутија за спроведување на системот **„со извлекување по случаен избор - транспарентно“.**

За денот и часот на одржување на извлекувањето, барателите ќе бидат известени преку веб страната на Општина Велес (www.veles.gov.mk) и социјални мрежи во Општина Велес.

**Член 10**

По завршувањето на јавниот повик, Комисијата на своја седница ги разгледува сите пристигнати барања и сите уредни и комплетни барања ќе бидат дел од системот „со извлекување по случаен избор - транспарентно".

Некомплетните барања нема да бидат предмет на понатамошна постапка.

Постапката за избор на барања „со извлекување по случаен избор - транспарентно", Комисјита ќе ја спроведе во рок од 15 дена по завршувањето на рокот за достава на барања.

Средствата, како дел од трошоците направени при набавка на велосипедот кон барателот ќе бидат доставени на негова сметка по донесувањето на решението за одобрени барања за субвенционирање.

**Член 11**

По спроведувањето на постапката Комисијата доставува предлог до Градоначалниот на Општина Велес за одобрување на барањето за надоместување на дел од трошоците направени при набавка на велосипед.

Изработува листа на баратели кои го стекнале правото на субвенција за набавка на велоспид со следните податоци:

- име, презиме и адреса,
- датум и час на пристигнато барање,
- услови и докази и
- одобрен износ на надоместокот за набавка.

Градоначалникот на Општина Велес на предлогот на Комисијата носи решение за одобрување на барањата кои ги исполниле условите согласно јавниот повик и ја објавува листата на физички лица кои го добиле правото да бидат субвенционирани за дел од трошоците направени при набавка на велосипед.

**Член 12**

Општина Велес преку Одделението за заштита на животната средина води евиденција на доставените барања од физички лица и висината на искористените финансиски средства од Буџетот на Општина Велес, за оваа намена.

**Член 13**

Со донесувањето на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен велосипед („Службен гласник на Општина Велес" бр.06/20)

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила нареден ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2451/19
12.05.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.135**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Св Кирил и Методиј" Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Св Кирил и Методиј" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.05.2022 година.

Број 08 -2472/18
13.05.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р